РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1048/4
27-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66 - та седница, одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1048/1 од 13.02.2020 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај на Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Предметот со број 09-1048/1 од 13.02.2020 година да се затвори и архивира

## Образложение

Предметот со број 09-1048/1 од 13.02.2020 година е оформен врз основа на доставена пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата за судир на интереси во __________ комора на Македонија.

Во пријавата подносителот образложува на кој начин ____________ комора врши акредитација за едукација и добивање на сертификат за едукација и изразува незадоволство од работењето на комората.

Дополнително, наведува дека _________, поранешен претседател на Извршниот одбор на комората (2014-2018), актуелен претседател на ___________ комора (2018-2022) е истовремено сопственик (основач), генерален секретар и управувач на финансиите и потписник на сметката на неговото _________ друштво, ______________________________, кое секоја година добива се поголем број на едукативни и акредитивни настани од страна комората. Смета дека претседателот на комората, како потписник на сметките на комората и на друштвото, може да остварува финансиски и личен интерес преку континуирана стручна едукација и е во директен судир на интереси.

При разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека наводите се однесуваат на работењето на претседателот на ______________ комора на Македонија, кој не е службено лице во смисла на одредбата од член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите:

„(2) Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор".

Од наведените причини, а со оглед на тоа што пријавата не се однесува на службено лице, ДКСК нема надлежност за постапување по конкретниот предмет.

Дополнително, согласно член 265 став (1) од Законот за здравствена заштита „надзорот над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување го врши Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат".

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од сето горенаведено произлегува дека Државната комисија нема надлежност за постапување по конкретниот предмет, туку надлежни за постапување се органите од член 265 став (1), до кои ќе се достави пријавата за натамошно постапување.

Од тие причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По саклучок на ДКСК
**Изработил:** Б.Џ., Советник
**Контролирало**: К.З - раководител